# Што е пергамент?



Пергамент е материјал за пишување направен од посебно преработена животинска кожа од теле, овца или коза. Се користел во голема мера низ историјата. Како што ни говорат историските извори, потребата од овој нов материјал за пишување покрај папирусот се јавил поради ривалството помеѓу двата културни центра. Накратко, вака оди приказната:

*Околу 150 год. пр.Хр. египетскиот фараон Птоломај V одбил на кралот Евмен II од Пергам да му продава папирус за извоз плашејќи се Евменовата библиотека да не ја достигне славата на неговата библиотека во Александрија. Така, Евмен одлучил книгите да се пишуваат на кожа продолжувајќи ја книжевната дејност во неговиот град.*



Постоеле повеќе техники на преработка на кожата. Едната од нив се одвивала на следниот начин: одраната кожа од животното се ставала во вода од гасен варовник неколку дена за да омекне и полесно да се извадат влакната и маснотиите. Потоа се миела во варовна вода и откако ќе се истругала со остар предмет се растегнувала и се ставала да се исуши. Тогаш со камен се стругала и измазнувала. На крајот кожата повторно се натопувала со варовна течност и била спремна за пишување.

**Пергаментот се чувал во кожни корици врзан со јаже. Тој облик го викале „кодекс“, кој всушност е еден вид предвесник на современата книга.**

Пергаментот бил на висока цена по древните пазари и имал некои предности што ги немал папирусот, а тоа е можноста да се пишува со мастила во разни бои и да се откине првичниот слој со текст за да потоа се пишува нов текст. Во случај на недостиг од овој материјал, што често било причина, писарите го откинувале првичниот слој за да потоа испишат текст со нова содржина. Тогаш пергаментот добива ново име наречено **палимпсест**.



Mythos е под заштита на Creative Commons.
Сопственост на Ненад Начковски.